# Што е тоа пензиски фонд?

Пензиски фонд (Superannuation, што исто така се нарекува и “super”) е начин на штедење пари додека работите, за да ви помогнат тие пари да живеете кога ќе се пензионирате. Ако сте самовработени, сепак може да одберете да имате пензиски фонд.

Повеќето луѓе отвораат сметка за пензиски фонд кога почнуваат да работат. Работодателот е должен да ви уплаќа придонеси во вашиот пензиски фонд (обично 9% од вашата плата). Исто така може да одлучите да вложувате дополнителни пари во вашиот пензиски фонд ако сакате, меѓутоа тие пари не можете да ги земете пред да ја наврšите пропишаната возраст за пензионирање.

Владата има законски одредби со кои се утврдува најраната возраст на која може да се подигнат парите од пензискиот фонд – тоа е познато како возраст за пензионирање (preservation age).

Вашата пропишана возраст за пензионирање зависи од вашиот датум на раѓање (погледнете подолу):

| Датум на раѓање | Возраст за пензионирање |
|---|---|
| Пред 1/7/1960 | 55 |
| 1/7/60 до 30/6/61 | 56 |
| 1/7/61 до 30/6/62 | 57 |
| 1/7/62 до 30/6/63 | 58 |
| 1/7/63 до 30/6/64 | 59 |
| После 30/6/64 | 60 |

## Зошто пензискиот фонд е толку важен?

Непобитно е дека бројот на вработени Австралијци опаѓа. Тоа значи дека ќе има помалку парични средства за да ви се помогне кога пари најмногу ќе ви требаат, кога ќе се пензионирате.

Вашиот пензиски фонд со текот на вашиот работен век може да прерасне во ваше најголемо богатство, па според тоа, колку порано почнете да штедите, толку поквалитетен живот ќе можете да имате кога ќе се пензионирате. Долгите години на штедење пари и вложување придонеси во вашиот пензиски фонд може да ви користат на повеќе начини. Прво, вашите пари од пензискиот фонд обично се оданочуваат по пониска стапка отколку другите видови на вложувања. Второ, пензиските фондови како што е LUCRF Super исто така нудат и осигурување, осигурување во случај на онеспособеност, и осигурување за заштита на приходите по пристапни цени.

## Што ви нуди членството во пензискиот фонд LUCRF Super?

Пензискиот фонд LUCRF Super (Labour Union Co-operative Retirement Fund – Здружен пензиски фонд на работничките синдикати) е првиот австралиски пензиски фонд во индустријата. Ние постојано предводиме со тоа што им даваме на нашите членови слобода да одбираат подобри услуги и производи во врска со пензискиот фонд.

Како член на фондот LUCRF Super може да добиете многу важни повластици како што се:

- Пензиски фонд што постои само за да им користи на своите членови
- Историја на висок учинок
- Осигурување по ниски цени
- Пензиски производи што се водечки на пазарот
- Лична услуга за клиентите – менаџери за развивање на бизнисот што ќе ве посетат на вашето работно место ширум цела Австралија

- Можност да разговарате со „вистински“ членови на персоналот на фондот LUCRF Super кои се составен дел од нашиот посветен вработен тим
- Разни можности за вложување на парите

Фондот LUCRF Super исто така ви нуди пристап до услуги за „дополнителни“ повластици, вклучувајќи пристапни станбени кредити, лични кредити, штедни сметки, кредитни картички и други банкарски производи и производи за лично осигурување по пониски цени.

## Како да станам член на фондот LUCRF Super?

Ако имате „Избор - Choice" (Законите за избор на пензиски фонд - Choice of Fund – им овозможуваат на повеќето луѓе сами да одлучат во кој фонд ќе ги вложуваат своите пари за пензија), поразговарајте со вашиот работодател за тоа да го одберете фондот LUCRF Super како ваш пензиски фонд.

Вашиот работодател можеби веќе вложува придонеси во фондот LUCRF Super за некои други работници од вашата компанија.

Едноставно пополнете ја молбата за зачленување од нашиот Водач за членовите – Изјава за откривање на производот (Member Guide - Product Disclosure Statement).

Телефонирајте уште денес во LUCRF Super на **1300 130 780** или појдете на нашето место на интернет **www.lucrf.com.au**

Issued February 2010 by LUCRF Pty Ltd
ABN 18 005 502 090 AFSL 258481 as
Trustee for LUCRF Super ABN 26 382 680 883.

**WEB** www.lucrf.com.au
**EMAIL** mypartner@lucrf.com.au
**FAX** 03 9326 6907
**POST** PO Box 211 North Melbourne
VICTORIA 3051

**1300 130 780**

Australia's first industry fund
LUCRFsuper

An Industry SuperFund